СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември јули 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 21-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21 .IX.1995 г.**

Дискутанти

1. Тито Петковски - 1, 4 (води седн.)
2. Аце Коцевски - 1, 2 РМ
3. Димов Лазар - 3

Дневен ред:

- Извештај за работа на Агенцијата на за трансформација на претпр. со општествен капитал во 1994-г до 31 .март 1995Г.

Крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 1-то продолжение, на 21-та седница на Собранието на Република. Македонија, одржана на 21 септември 1995 година

Седницата започна со работа во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Од 21-та седница ни остана незавршена точката - Извештај за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1994 година и до 31 март 1995 година.

Предлагам да продолжиме со расправа по оваа точка.

Во меѓувреме Комисијата за стопанство одржа седница. Извештајот од Комисијата со предлогот на заклучокот Ви е доставен. Исто така предлогот на група пратеници од Пратеничката група на Либералната партија на Македонија за менуваше на точка 4 од Предлогот на заклучокот Ви е доставен.

Молам, кој бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, пратеничката група на Либералната партија останува на забелешките што беа из- несени во претходната расправа кога се расправаше за извештајот за работата на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и смета дека нема потреба да се отстапи од добивањето на адекватни одговори на следното прашање на кое тогаш не добивме одговор, а тоа

е колкав е опфатот на приватизацијата колкав е износот на книготствената вредност на приватизираните и на оние претпријатија што треба да се приватизираат, зошто нема биланс на приходи и расходи, зошто нема извештај за одвивањето на процесот на приватизацијата на 25-те загубари во првите 6 месеци, зошто драстично се намалува имотот на фирмите што треба да се приватизираат, зошто нема конкретни податоци дали и колку во кеш се врши продажба по овој закон, зашто тоа прашање ја отвара дилемата дали всушност вистинската приватизација во Република Македонија по овој закон е отопчната, што Агенцијата подразбира под термините отпори од идиолошка природа и фер приватизација . И се разбира, двете најкрупни работи преку кои не можеме да поминеме, а тоа се зошто досега не е исполнета обврската од ставот 3 на член 92 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за поднесуваше извештај и за користењето на средствата кои се сливаат во посебната Републичка сметка од процесот на приватизација и зошто досега не е одговорен од али според предвидената динамика Агенцијата средствата што ги остварува месечно ги пренесува на посебната републичка сметка и зошто Владата според член 93, став 3 од истиот закон, се уште на Собранието на Република Македонија не му доставила Предлог-програма за намена на средствата од приватизацијата.

Во тој контекст пратеничката група е спремна да направи извесен компромис со цел да се заврши оваа точка од дневниот ред, имено на точката 4 која е предложена од Комисијата за стопанство, јас ќе Ви предложам сега една измена на амандманот на таа точка што го

дадовме група пратеници од либералната партија, имено суштината е во тоа дека се согласуваме да се прифати извештајот што беше доставен досега од Агенцијата, меѓутоа Агенцијата да се задолжи во што пократок можен рок да достави дополнување на извештајот во кој ќе бидат содржани одговорите на сите поставени прашања и посебно да достави извештај за користењето на средствата од приватизацијата во досегашниот период. Верувам дека ова ќе биде прифатливо и за останатите пратеници.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Мислам дека ние со нашата работа како Парламент прво ова е една деловничка забелешка, а после ќе кажам во врска со оваа точка. Мислам дека е под секое ниво на работа на Парламент да закажеме 26-та седница, па работиме по 20, па по 21-та и т.н. сметам дека тоа е никаков квалитет на работата на Парламентот. А уште повеќе овој впечаток се зголемува со тоа што извештајот за Агенцијата за приватизација која што е и те како битна работа во оваа Република, за економските текови , кои што извештај беше одложен од ова Собра- ние и вратен, колку што се сеќавам пред неколку седници и сега го ставаме овој извештај преку ред на една седница за кое што оваа точка не е закажано. Јас тогаш нешто и кажав во врска со нашиот однос кон овој проблем, да не го повторувам тоа, сметам дека е скроз неодговорно од овој Парламент по оваа точка на ваков начин да расправаме. Не е точка на дневен ред, пратениците немаат горе долу ни материјали по таа работа, бидејќи беше друга работа и ние сега да расправаме уште повеќе кога гледам одредени покрупни забелешки од Либералната партија во врска со некои параметри од тој материјал. Сметам дека немаме право ние без разлика колку ние сами можеме да се понижуваме и можеме да дозволиме да бидеме понижени како пратеници, дека немаме право овој Парламент да го понижуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е сигурно на секој пратеник да изнесува свое мислење, јас само да Ве потсетам, бидејќи јас претседавав со Собранието тогаш кога беше оваа точка на дневен ред. Ние со расправата завршивме, тогаш имаше предлог од Пратеничката група на Либералната партија бараа пауза околу заклучокот. Според тоа, не станува збор за неодговорен однос на Собранието и не завршување на расправата, стана збор само за предлогот на заклучокот што беше предложен од Агенцијата и за која имаше сугестија пратеничката група на Либералната партија.

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на група пратеници на пратеничката група на Либералната партија на Македонија за минување на точката 4, во оваа смисла што сега ја изнесе пратеникот Коцевски го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам,да крене рака? (67)

Дали е некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот на група пратеници на пратеничката група на Либералната партија на Македонија за менување на точката 4 е усвоен.

Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата, се разбира, со овие сугестии од пратеничката група на Либералната партија, на Комисијата за стопанство го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на заклучокот, молам да крене рака?(66)

Кој е против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(4)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 21-та седница на Собранието.

(Седницата заврши во 11,55 часот).